До Државната комисија за спречување на корупцијата преку web формата на Државната комисија поставено е Прашање.

Државната комисија за спречување на корупцијата согласно член 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/2019) и член 41 –б од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата бр.02-3794/1 од 08.08.2019 година, бр.03-2198/1 од 12.06.2020 година, бр.02-8774/1 од 17.10.2022 година и бр. 02-3087/1 од 06.12.2024 година, го издаде следното

**М И С Л Е Њ Е**

Судирот на интереси е дефиниран во член 2 став (3) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси: „(3) Под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности."

Во член 8 став (4) од истиот закон е предвидено следното:
„(4) „Под поимот „блиски лица" се подразбираат лицата во брачна или вонбрачна заедница со службеното лице, роднини по крв во права линија и во странична линија до четврт степен, роднините по сватовство до втор степен, како и секое физичко или правно лице со кое службеното лице има финансиски интерес."

Државната комисија е на мислење дека во конкретната ситуација постои потенцијален судир на интереси доколку лицето продолжи да ја извршува обврската како лице за јавни набавки, а блиско лице (син) е одговорно лице, В.Д. директор на ООУ.

Со создавање на состојба на потенцијален судир на интереси, се отвара можност и за појава на т.н. „реален" судир на интереси што придонесува до негативна перцепција на непристрасното работење на В.Д. директорот на ООУ и на лицето како вработено лице во истата образовна институција.

Согласно наведеното, доколку не се надминат тие ситуации каде постои потенцијален судир на интереси потребно е постојано да се внимава од страна на двајцата да не ги повредите член 72 и член 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси при извршувањето на своите службени должности и јавни овластувања.

Имено, согласно член 72 став (1) и (2) и член 75 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси е предвидено следното:

Член 72 став (1) и (2)
„(1) Службеното лице во своето работење, е должно да внимава на потенцијален судир на интереси и да преземе мерки за негово одбегнување.
**(2) Во случај на сомневање за постоење судир на интереси, службеното лице е должно да ги преземе сите неопходни мерки за да го спречи влијанието на неговиот приватен интерес или приватниот интерес на друго лице врз извршувањето на неговите овластувања и должности и за тоа да го извести својот претпоставен.“**
Член 75
„(1) Кога службеното лице ќе дознае за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси, е должно веднаш да побара да биде изземено и да запре со своето постапување.
(2) Службеното лице ќе биде изземено од вршењето на определено дејствие со одлука на органот во кој е избрано или именувано, односно каде што врши функции, јавни овластувања или службени должности и по барање на заинтересирано лице кое дознало за околности што укажуваат на постоење на судир на интереси или на потенцијален судир на интереси.“

Понатаму, како вработени лица во училиштето потребно е да го имате во предвид и Начело на интегритет:
„(1) Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.
(2) Службеното лице во извршувањето на јавните овластувања и должности е должно да ги почитува начелото на законитост, начелото на еднаквост, начелото на јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било со целосно почитување на јавниот интерес.
**(3) Службеното лице во вршењето на својата функција е должно да внимава на евентуален судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, партиски и**

етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице".

Претседател,

Адем Чучуљ